Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 04-351/20
12.12.- 2022 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на Националната установа, Национален конзерваторски центар-Скопје, член 77-ж од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-351/19 од 06.12.2022 година, Годишниот план за вработување за 2022 година, ја донесувам следната

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.02/2022
## за вработување на неопределено време

1. Врз основа на објавениот Оглас за вработување бр.02/2022 и Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување се избира кандидатот **Зана МУХАЏИРИ РАМАДАНИ** за работното место бр. (1) Дaвател на услуги – **Соработник за меѓународна соработка**, со шифра **КУЛ 03 04 Г03 008,** Сектор за истражување и конзерваторско проектирање на недвижното културно наследство, ИНДОК-ЦЕНТАР, *Оддел за издавачка дејност, меѓународна соработка и популаризација на културното наследство.*

2. По конечноста на Одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Национален конзерваторски центар-Скопје.

## Образложение

Врз основа на Годишниот план за вработување на установата за 2022 година, а по претходно добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места (бр.18-2302/2 од 17.05.2022г. и бр.18-8897/2 од 18.10.2022), како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, НУ Национален конзерваторски центар – Скопје објави оглас за вработување на двајца (2) *даватели на услуги* и едно (1) *помошно-техничко лице*, на неопределено време.

На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" и на веб страната на установата на 26 и 27.10.2022 година, целосна и уредна/навремена документација имаа поднесено само еден (1) кандидат за работното место - ***Соработник за меѓународна соработка.***

Комисија за спроведување на постапката за вработување, изврши проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите наведени во огласот, а потоа со селектираниот кандидат кој ги исполнува потребните услови, спроведе интервју, за што е изработен Записник бр.04-351/19 од 06.12.2022 година, со предлог за вработување на пријавениот кандидат, и истиот му го достави на директорот.

Врз основа на Записникот каде што е констатирано дека пријавениот кандидат, **Зана Мухаџири Рамадани**, со етничка припадност - *Албанка,* соодветствува со припадноста на етничките заедници утврдени во Балансерот од МИОА на Годишниот план за вработување за 2022 година, директорот го изврши изборот како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена, преку НУ Национален конзерваторски центар-Скопје, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар-Скопје.

**ДИРЕКТОР,**

**Mr.sc Memet SELMANI**

Доставено до:
- архива
- избраниот кандидат
- правна служба
- огласна табла
- веб страна на установата